Врз основа на член 158-ѕ точка 1) а во врска со член 150-а став (3) и (4) и член 151 од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018) и (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019, 31/2020 и 173/2022), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

# П Р А В И Л Н И К[1]

## за содржината, роковите и начинот на поднесување на известувањата и извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување

### Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на известувањата и извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките кои добиле дозвола за вршење работи на застапување во осигурување (во понатамошниот текст: банки) се должни да ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) согласно членот 151 и членот 150-а став (3) од Законот за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Законот) и крајните рокови и начини на поднесување на истите до Агенцијата.

[1] Пречистениот текст на Правилникот е изготвен врз основа на текстот на Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/12), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 189/14), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/16), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/18), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 118/22) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/23. Пречистениот текст нема правна сила. За правни цели, единствено валидни се извештаите кои што се објавени во претходно наведените Службени весници.

**Обврски за известување**
**Член 2**

(1) **Друштвата за застапување во осигурување** се должни да ја известуваат Агенцијата за:

1. Промена на податоците внесени во трговскиот регистар како и промена на останати податоци кои не се внесуваат во трговскиот регистар (промена на телефон за контакт, електронска адреса за контакт или интернет страница на друштвото) согласно член 151 точка 1) од Законот;
2. Структура и обем на работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување согласно член 151 точка 2) од Законот;
3. Исполнување на обврската за неповрзаност со други друштва за застапување во осигурување согласно член 134-е став (3) од Законот;
4. Исполнување на обврската за склучување и обновување на договор за осигурување од одговорност од вршење на дејност согласно член 134-е став (4) и (7) од Законот;
5. Исполнување на обврската за склучен договор за работа со најмалку еден застапник во осигурување со полно работно време согласно член 134-е став (8) од Законот;
6. Неревидирани и ревидирани годишни финансиски извештаи, согласно Законот за трговските друштва;

(2) **Банките** се должни да ја известуваат Агенцијата за:

1. Промена на податоци кои не се внесуваат во трговскиот регистар (промена на телефон за контакт, електронска адреса за контакт или интернет страница на друштвото) согласно член 151 точка 1) од Законот;
2. Структура и обем на работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување согласно член 151 точка 2) од Законот;
3. Исполнување на обврската за неповрзаност со друштва за застапување во осигурување согласно член 134-е став (3) од Законот;
4. Исполнување на обврската за склучување и обновување на договор за осигурување од одговорност од вршење на дејност согласно член 134-е став (4) и (7) од Законот;
5. Исполнување на обврската за склучен договор за работа со најмалку еден застапник во осигурување со полно работно време согласно член 134-е став (8) од Законот.

(3) **Осигурително брокерските друштва** се должни да ја известуваат Агенцијата за:

1. Промена на податоците внесени во трговскиот регистар како и промена на останати податоци кои не се внесуваат во трговскиот регистар (промена на телефон за контакт, електронска адреса за контакт, интернет страница на друштвото) согласно член 151 точка 1) од Законот;
2. Структура и обем на осигурително брокерските работи по одделни друштва за осигурување согласно член 151 точка 2) од Законот;
3. Правни и економски односи со одредени друштва за осигурување или други лица кои може да влијаат на објективноста на осигурителниот брокер согласно членот 141 од Законот;
4. Исполнување на обврската за неповрзаност со друштва за осигурување, друштва за застапување во осигурување или други осигурително брокерски друштва согласно член 146 став (2) точка 11) од Законот;
5. Исполнување на обврската за склучување и обновување на договор за осигурување од одговорност од вршење на дејност согласно член 150 став (1) и (3) од Законот;

6. Исполнување на обврската за склучен договор за работа со најмалку двајца осигурителни брокери со полно работно време согласно член 148 став (5) од Законот; и
7. Број на склучени договори за осигурување и износ на наплатена и пренесена премија за осигурување согласно член 150-а став (3) и (4) од Законот;
8. Неревидирани и ревидирани годишни финансиски извештаи, согласно Законот за трговските друштва;
9. Известување за останати склучени договори.

**Известување за промена на податоците внесени во трговскиот регистар и податоци кои не се внесуваат во трговскиот регистар**

**Член 3**

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 1) и став (3) точка 1) од овој правилник кој се однесува на податоци кои се внесуваат во трговскиот регистар, друштвата за застапување во осигурување и осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да достават Решение за упис на промените во трговскиот регистар заедно со тековна состојба на друштвото во рок од пет работни дена од денот на прием на решението.

(2) Во однос на член 2 став (1) точка 1), став (2) точка 1) и став (3) точка 1) од овој правилник кој се однесува на податоци кои не се внесуваат во трговскиот регистар, друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни до Агенцијата да достават известување за промена на телефонот за контакт, електронската адреса за контакт или интернет страницата на друштвото односно банката во рок од пет работни дена од денот на промена на податоците.

**Известување за структурата и обемот на работите на застапување во осигурување, односно осигурително брокерски работи по одделни друштва за осигурување**

**Член 4**

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 2) и став (2) точка 2) од овој правилник кој се однесува на известување за структура и обем на работите на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување, друштвата за застапување во осигурување и банките се должни до Агенцијата да достават податоци за структурата и обемот на работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување согласно формата и содржината на податоците пропишана со образецот – ОДЗ1, кој е даден во Прилог 1 со назив Статистички податоци за друштвата за застапување во осигурување кој е составен дел на овој правилник.

(2) Во однос на член 2 став (3) точка 2 од овој правилник кој се однесува на известување за структура и обем на осигурително брокерски работи по одделни друштва за осигурување, осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да достават податоци за структурата и обемот на осигурително брокерските работи по одделни друштва за осигурување согласно формата и содржината на податоците пропишана со обрасците **ОБД1** и **ОБД2** кои се дадени во Прилог 2 со назив Статистички податоци за осигурително брокерските друштва кои се составен дел на овој правилник.

(3) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се

должни да ги составуваат обрасците ОДЗ1, ОБД1 и ОБД2 наведени во ставовите (1) и (2) од овој член согласно Упатството за пополнување на обрасците кое е дадено во Прилог 3 од овој правилник и е негов составен дел.

(4) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни пополнетите обрасци од ставовите (1) и (2) од овој член да ги составуваат на квартална кумулативна основа и тоа со следната состојба:

| | |
|---|---|
| I квартал | 01.01 - 31.03 |
| II квартал | 01.01 - 30.06 |
| III квартал | 01.01 - 30.09 |
| IV квартал | 01.01 - 31.12 |

(5) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни пополнетите обрасци од ставовите (1) и (2) од овој член да ги доставуваат до Агенцијата најдоцна до истек на последниот ден во месецот кој следи по завршување на кварталот за кој истите се однесуваат, а доколку последниот ден во месецот е неработен ден или државен празник, или друг ден кога Агенцијата не работи, рокот истекува на првиот нареден работен ден.

(6) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни извештаите од ставовите (1) и (2) од овој член да ги доставуваат до Агенцијата во наведените рокови во хартиена и електронска форма.

(7) Агенцијата го задржува правото да пропише електронски формат на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ќе ги пополнуваат и ќе ги доставуваат до Агенцијата.

**Известување за исполнување на условот за неповрзаност**

**Член 5**

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 3), став (2) точка 3) и став (3) точка 4) од овој правилник кој се однесува на исполнување на условот за неповрзаност, друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни Агенцијата да ја известат за:

1. Промени во сопственичката структура на друштвото односно банката со доставување на Извод од акционерската книга на друштвото, во рок од 5 дена од денот на евидентирање на промената во Централниот депозитар за хартии од вредност;
2. Вложувања во купување на акции и удели на други трговски друштва со кои друштвото односно банката стекнува најмалку 10% од акциите, односно уделите во друштвото, со доставување на Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во рок од 5 дена од денот на евидентирање на вложувањето во депозитарот;
3. Именување и разрешување на членови на органот на управување на друштвото односно банката со доставување на Одлука за именување, односно разрешување, донесена од надлежен орган на друштвото и податоци за именуваното лице, во рок од 5 дена од денот на донесување на одлуката;
4. Постоење на какви било други правни и економски односи на друштвото за застапување во осигурување односно банката со други друштва за застапување во осигурување, со доставување на писмено известување за наведените односи, склучениот договор или друга поткрепувачка документација, во рок од  5 дена од денот на настанување на

односот;

5. Постоење на какви било други правни и економски односи на осигурително брокерското друштво со друштва за осигурување, друштва за застапување во осигурување или други осигурително брокерски друштва со доставување на писмено известување за наведените односи, склучениот договор или друга поткерпувачка документација, во рок од 5 дена од денот на настанување на односот.

(2) Покрај одредбите од став (1) на овој член, друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни до Агенцијата да достават извод од акционерска книга на друштвото односно банката издаден од Централниот депозитар за хартии од вредност и тековна состојба на друштвото односно банката издадена од Централниот регистар, со состојба на 31.12 во тековната година најдоцна до 30 јануари наредната година

**Известување за исполнување на обврската за склучување и обновување на договор за осигурување од одговорност од вршење на дејност**

**Член 6**

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 4), став (2) точка 4) и став (3) точка 5) од овој правилник кој се однесува на исполнување на обврската за склучување и обновување на договор за осигурување од одговорност од вршење на дејност, друштвата за застапување во осигурување, банките и осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да достават договор за осигурување од професионална одговорност склучен со друштво за осигурување во рок од 15 дена од денот на склучување, односно обновување на договорот.

(2) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни Агенцијата да ја известат и за евентуално раскинување на договорот од став 1 на овој член, како и за негово какво било изменување и/или дополнување.

(3) Договорот од став (1) на овој член треба да биде со осигурително покритие во периодот од 1.1 до 31.12 во тековната година.

(4) Во однос на друштвата за застапување во осигурување и банките, договорот од став (1) на овој член не смее да биде склучен со друштвото за осигурување со кое друштвото за застапување во осигурување склучило договор за вршење работи на застапување во осигурување.

**Исполнување на обврската за склучен договор за работа со застапник во осигурување односно осигурителен брокер**

**Член 7**

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 5) и став (2) точка 5) од овој правилник кој се однесува на исполнување на обврската за склучен договор за работа со застапник во осигурување, друштвата за застапување во осигурување и банките се должни до Агенцијата да достават податоци за лицата кои имаат лиценца за застапник во осигурување и кои се вработени во редовен работен однос во друштвото за застапување во осигурување односно банката или имаат склучено договор за застапување во осигурување со друштвото за застапување во осигурување, согласно формата и содржината на податоците пропишана во образецот ОДЗ2 кој е даден во Прилог 1 од овој правилник и е негов составен дел.

(2) Во однос на член 2 став (3) точка 6) од овој правилник кој се однесува на склучен договор за работа со најмалку двајца осигурителни брокери, осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да достават податоци за лицата кои имаат лиценца за осигурителен брокер и кои се вработени со редовен работен однос во осигурително брокерското друштво, согласно формата и содржината на податоците пропишана во образецот ОБД3 кој е даден во Прилог 2 од овој правилник и е негов составен дел.

(3) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни пополнетиот образец од ставовите (1) и (2) од овој член да го составуваат на квартална основа со состојба на 31.3, 30.6, 30.9 и 31.12 во тековната деловна година.

(4) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни пополнетите обрасци од ставовите (1) и (2) од овој член да ги доставуваат до Агенцијата најдоцна до истек на последниот ден во месецот кој следи по завршување на кварталот за кој истите се однесуваат а доколку последниот ден во месецот е неработен ден или државен празник, или друг ден кога Агенцијата не работи, рокот истекува на првиот нареден работен ден.

(5) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни пополнетиот образец од ставовите (1) и (2) од овој член да го доставуваат до Агенцијата во наведените рокови во електронска форма на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(6) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките заедно со пополнетиот образец ОД32 односно ОБД3 со состојба на 31.12 во тековната година, се должни до Агенцијата да достават и Образец М1/М2 за најмалку еден застапник во осигурување односно најмалку двајца осигурителни брокери кои се во редовен работен однос во друштвото односно банката.

**Известување за правни и економски односи со одредени друштва за осигурување или други лица кои може да влијаат на објективноста на осигурителниот брокер**

**Член 8**

(1) Во однос на член 2 став (3) точка 3) од овој правилник кој се однесува на известување за правни и економски односи со одредени друштва за осигурување или други лица кои може да влијаат на објективноста на осигурителниот брокер, осигурително брокерските друштва се должни Агенцијата да ја известуваат за секој договор за вршење осигурително брокерски работи склучен со друштвата за осигурување согласно кој осигурително брокерското друштво има право на посебна или повисока провизија за посредување за склучување на договори за осигурување за одделна класа на осигурување или за одделно друштво за осигурување.

(2) Во прилог кон известувањето од став (1) на овој член, осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да го достават договорот во рок од 5 дена од денот на негово склучување.

(3) Осигурително брокерските друштва се должни Агенцијата да ја известуваат и за секоја измена на склучениот договор од став (1) на овој член, како и за негово раскинување во рок од 5 дена од денот на измената, односно раскинувањето.

**Доставување на неревидирани и ревидирани годишни финансиски извештаи**

**Член 9**

(1) Во однос на член 2 став (1) точка 6 и став (3) точка 8 од овој правилник, друштвата за застапување во осигурување и осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да доставаат годишни финансиски извештаи изготвени во согласност со Законот за трговски друштва најдоцна до 15 март во тековната година, за претходната деловна година.

(2) Во однос на член 2 став (1) точка 6 и став (3) точка 8 од овој правилник, друштвата за застапување во осигурување и осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да доставаат ревидирани годишни финансиски извештаи најдоцна во рок од 8 дена од нивно усвојување од страна на собранието на акционери на друштвото, но не подоцна од 30 јуни во тековната за претходната деловна година.

(3) Друштвата за застапување во осигурување и осигурително брокерските друштва се должни да ги составуваат годишните финансиски извештаи од став (1) од овој член согласно формата и содржината на истите пропишана со образецот Биланс на состојба и образецот Биланс на успех кои се дадени во Прилог 4 Финансиски извештаи на друштвата за застапување во осигурување и осигурително брокерските друштва од овој правилник и се негов составен дел.

**Извештај за број на склучени договори за осигурување и износ на наплатена и пренесена премија за осигурување**

**Член 10**

(1) Осигурително брокерските друштва кои на своја сметка вршат наплата на премија за осигурување, се должни на континуирана основа да водат интерна евиденција и контрола за бројот на склучени договори за осигурување и за износот на наплатената и пренесената премија за осигурување, согласно формата и содржината на податоците пропишана со образецот – ОБД4, кој е даден во ПРИЛОГ 2 кон овој правилник со назив СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА и кој е негов составен дел .

(2) Осигурително брокерските друштва од став (1) на овој член се должни да го составуваат образецот ОБД4 наведен во став (1) од овој член согласно Упатството за пополнување на образецот кое е дадено во ПРИЛОГ 3 од овој правилник и е негов составен дел.

(3) Во однос на членот 2 став (3) точка 7 од овој правилник, осигурително брокерските друштва од став (1) на овој член се должни да ја известуваат Агенцијата за бројот на склучени договори за осигурување и за износот на наплатената и пренесената премија за осигурување, согласно формата и содржината на податоците пропишани со образецот – ОБД5 кој е даден во ПРИЛОГ 2 од овој правилник со назив СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ ДРУШТВА, еднаш месечно, најдоцна до истек на последниот ден во месецот кој следи по завршување на месецот за кој истите се однесуваат, а доколку последниот ден во месецот е неработен ден или државен празник, или друг ден кога Агенцијата не работи, рокот истекува на првиот нареден

работен ден.

(4) Осигурително брокерските друштва од став (1) на овој член се должни да го составуваат образецот ОБД5 наведен во став (3) од овој член согласно Упатството за пополнување на образецот кое е дадено во ПРИЛОГ 3 од овој правилник и кој е негов составен дел.

**Известување за останати склучени договори**

**Член 11**

(1) Во однос на член 2 став (3) точка 9 од овој правилник, осигурително брокерските друштва се должни до Агенцијата да доставуваат податоци за сите лица кои немаат лиценца за осигурителен брокер а со кои осигурително брокерското друштво склучило друг вид на договор (договор за работа, договор за дело, договор за соработка и сл.) кој има за цел обучување односно оспособување на лицето со цел стекнување на искуство потребно за добивање на лиценца за брокер со наведување на:

1) основните податоци за лицето (име, презиме, адреса на живеење);
2) вид на склучениот договор и датум на негово склучување;
3) работи и работни задачи кои лицето ќе ги врши во друштвото (јасно наведени во договорот);
4) вработен лиценциран осигурителен брокер кој во целост ќе одговара за извршувањето на задачите на лицето со кое е склучен договорот до евентуално менување на статусот на лицето (стекнување на лиценца).

(2) Осигурително брокерските друштва се должни известувањето од став (1) на овој член со состојба на 31.12 во деловната година да го достават до Агенцијата најдоцна до 31 јануари наредната година заедно со склучениот договор со лицето.

**Прецизирање на формата на доставување на документацијата потребна за спроведување на правилникот**

**Член 12**

Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни документацијата која ја доставуваат во прилог кон известувањето, а која е наведена во овој правилник, да ја достават во оригинал или копија заверена кај овластено лице (нотар), потпишана од овластено лице или од соодветниот надлежен орган. Доколку документот што треба да се достави е на друг јазик, заедно со оригиналот се доставува и превод на македонски јазик, преведен од овластен судски преведувач и заверен кај овластено лице нотар.

**Доставување на друга документација на барање на Агенцијата**

**Член 13**

Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките се должни на барање на Агенцијата да достават и други информации и документи потребни за спроведување супервизија врз работењето на друштвото, односно вршење на други надлежности од страна на Агенцијата.

**Преодни и завршни одредби**

| |
|---|
| **(Член 11 од Правилникот за содржината, роковите и начинот на поднесување на известувањата и извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување "Службен весник на Република Македонија бр. 56/2012)**<br>Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" освен одредбите од членот 2 ставови (2) и (3) од овој правилник кои ќе започнат да се применуваат при изготвување на извештаите со состојба на 30 јуни 2012 година. |
| **(Член 10 од Правилникот за содржината, роковите и начинот на поднесување на известувањата и извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување "Службен весник на Република Македонија бр. 189/2014)**<br><br>Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од известувањето на осигурително брокерските друштва за работењето во месец јануари 2015 година. |
| **(Член 7 од Правилникот за содржината, роковите и начинот на поднесување на известувањата и извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување "Службен весник на Република Македонија бр. 61/2016)**<br>(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.<br><br>(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за вториот квартал за 2016 година. |
| **(Член 6 од Правилникот за содржината, роковите и начинот на поднесување на известувањата и извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување "Службен весник на Република Македонија бр. 13/2018)**<br>Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од известувањето на осигурително брокерските друштва за работењето во месец февруари 2018 година. |
| **(Член14 од Правилникот за содржината, роковите и начинот на поднесување на известувањата и извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување "Службен весник на Република Македонија бр. 118/2022).**<br><br>(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.<br><br>(2) По исклучок на став (1) од овој член, одредбите од овој правилник кои се однесуваат на доставување на податоци за структура и обем на работи на застапување во осигурување односно осигурително брокерски работи по одделни друштва за осигурување согласно формата и |

содржината на податоците пропишана со обрасците **ОДЗ1, ОБД1 и ОБД2** ќе започнат да се применуваат со достава на податоците за периодот 01.01 - 30.06.2022 година.

(3) По исклучок на став (1) од овој член, одредбите од овој правилник кои се однесуваат на доставување на податоци за лицата кои имаат лиценца за застапник во осигурување односно осигурителен брокер и кои се вработени во редовен работен однос во друштвото за застапување во осигурување, банката односно осигурително брокерското друштво согласно формата и содржината на податоците пропишана со обрасците **ОДЗ2 и ОБД3** како и податоци **за** бројот на склучени договори за осигурување и за износот на наплатената и пренесената премија за осигурување согласно формата и содржината на податоците пропишана со образецот **ОБД5** ќе започнат да се применуваат со достава на податоците со состојба на 30.06.2022 година.

(4) Друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките кои ќе склучат договор за осигурување во периодот од денот на влегување во сила на овој правилник заклучно до 31 декември 2022 година се должни договорот да го склучат со осигурително покритие најдоцна до 31 декември 2022 година по што наредното обновување на договорот ќе го опфати периодот од 1.1 до 31.12 наредната деловна година.

**(Член 4 од Правилникот за содржината, роковите и начинот на поднесување на известувањата и извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување "Службен весник на Република Македонија бр. 108/2023)**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија" а ќе започне да се применува со достава на кварталните податоци за периодот 01.01 - 30.06.2023 година (II квартал) односно со достава на месечните податоци за месец јуни 2023 година.

**Претседател на Советот на експерти**
**Крсте Шајноски**

**ПРИЛОГ 1 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ**

ОДЗ1 - Структура и обем на извршени работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување –

ОДЗ2 - Вработени лиценцирани застапници

**ПРИЛОГ 2 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА**

ОБД1 и ОБД2 - Структура и обем на извршени осигурително брокерски работи по одделни друштва за осигурување

ОБД3 - Вработени лиценцирани осигурителни брокери

ОБД4 - Извештај за број на склучени договори за осигурување и износ на наплатена и пренесена премија за осигурување

ОБД5 - Известување на Агенцијата за супервизија на осигурување за број на склучени договори за осигурување и износ на наплатена и пренесена премија за осигурување

**ПРИЛОГ 3 – УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ОДЗ1, ОБД1, ОБД2, ОБД4, и ОБД5**

## ПРИЛОГ 1 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ

**ОДЗ1 - Структура и обем на извршени работи на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување**

-

| | |
|---|---|
| | *(назив на друштво)* |
| **Друштво за застапување во осигурување:** | |
| | *(тековна година)* |
| **Година:** | |
| **Период:** | *(период)* |
| **Друштво за осигурување:** | *(друштво за осигурување)* |

***Образец: одз1***

| | | Број на договори | Премија | Реализирана провизија | Пресметана провизија |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 100 | 200 | 300 | 400 |
| Осигурување од незгода | 01 | | | | |
| Здравствено осигурување | 02 | | | | |
| Осигурување на патнички возила - КАСКО | 03 | | | | |
| Осигурување на шински возила-КАСКО | 04 | | | | |
| Осигурување на воздухоплови - КАСКО | 05 | | | | |
| Осигурување на пловни објекти - КАСКО | 06 | | | | |
| Осигурување на стока во превоз | 07 | | | | |
| Осигурување на имот во пожар и некои други опасности | 08 | | | | |
| Останати осигурувања на имоти | 09 | | | | |
| Осигурување од автомобилска одговорност | 10 | | | | |
| Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови | 11 | | | | |
| Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти | 12 | | | | |
| Останати осигурувања од одговорност | 13 | | | | |
| Осигурување на кредити | 14 | | | | |
| Осигурување на гаранции | 15 | | | | |
| Осигурување од финансиски загуби | 16 | | | | |
| Осигурување на правна заштита | 17 | | | | |
| Осигурување на туристички услуги | 18 | | | | |
| Осигурување на живот | 19 | | 0 | 0 | 0 |
| основно | 19.01 | | | | |
| дополнително | 19.02 | | | | |
| рентно | 19.03 | | | | |
| Осигурување на брак или породување | 20 | | | | |
| Осигурување на живот во врска со удели во инвест. фондови | 21 | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Осигурување на тонтина | 22 | | | | |
| Осигурување на средства за капитал | 23 | | | | |
| **ВКУПНО** | | | **0** | **0** | **0** |

## ОД32 - Вработени лиценцирани застапници

**ОБРАЗЕЦ: ОД32**

**Друштво за застапување во осигурување односно банка:** *(назив на друштвото односно банката)*

**Година:** *(тековна година)*
**Период:** *(период)*

Име и презиме на вработени лиценцирани застапници во осигурување:
1.____________________________________________________________
2. ------------------------------------------------------------------------------------
3.____________________________________________________________
……... (со додавање на редови се впишуваат податоци за сите лиценцирани застапници кои се вработени во друштвото односно банката со договор за работа)

**Извештај**
**за вработени и ангажирани лиценцирани застапници и останати ангажирани лица од страна на друштвото за застапување во осигурување односно банката[2]**

| РБ | Вид на договор | Број на лица |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Договор за работа со лице кое има лиценца за застапник во осигурување | |
| 2. | Договор за застапување во осигурување со лице кое има лиценца за застапник во осигурување | |
| 3. | Договор за работа – останати лица | |
| 4. | Други договори (договор на дело, договор за соработка и сл). – останати лица | |
| **ВКУПНО** | | |

**Извештај**
**за вработени лиценцирани застапници по подружници на друштвото односно банката**

| подружница на друштвото/банката | Седиште на подружницата | Број на вработени лиценцирани застапници | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| 1. *(назив на подружница)* | | | |
| 2. *(назив на подружница)* | | | |
| .... | | | |

[2] Банката пополнува податоци само во делот на склучен договор за работа со лице кое има лиценца за застапник во осигурување

## ПРИЛОГ 2 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА

## ОБД1 и ОБД2 - Структура и обем на извршени осигурително брокерски работи по одделни друштва за осигурување

почетна

**Осигурително брокерско друштво** *(назив на друштво)*

**Година:** *(тековна година)*

**Период:** *(период)*

**Друштво за осигурување:**

***Образец: обд1***

